## ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА СОРАБОТНИК НА ПРОЕКТ

**Коалиција на младински организации СЕГА објавува Оглас за Соработник на проект со полно работно време, во Извршната канцеларија на СЕГА во Прилеп.**

**За СЕГА:**
Коалиција на младински организации СЕГА е национална платформа на младински организации, со повеќе од 20 години искуство во застапување за потребната законска легислатива за младинско учество, информирање, вработување и активизам.

СЕГА работи на развивање и примена на младински политики на локално и национално ниво, ги поврзува и јакне младинските организации со цел активирање на младите и подобрување на условите на нивниот личен и професионален развој.

**Работни задачи и одговорности на Соработникот на проект:**

- Спроведува програмски и оперативни активности
- Организира и спроведува проектно предвидени активности
- Остварува редовна комуникација со партнерски организации и со институциите кои се релевантни за проектите на СЕГА
- Ги промовира проектните активности и резултати на СЕГА пред целните групи, медиумите и другите чинители
- Обезбедува логистичка поддршка во реализирањето на активностите во состав на Централната Канцеларија на СЕГА
- Организира состаноци на ниво на Коалиција СЕГА
- Прибира податоци и подготвува извештаи за текот на спроведувањето на активностите од својот делокруг на работа
- Врши други работи по налог на Раководителот на програми

**Потребни квалификации и искуства на кандидатите:**

- Завршено високо образование (или најмалку 3 години релевантно работно искуство наведено подолу)
- Познавање на Раководење со проектен циклус
- Искуство во спроведување проекти
- Активно користење на MS Office
- Одлични организациски и аналитички способности

- Одговорност и навременост
- Одлични комуникациски вештини
- Познавање и работа со социјални мрежи
- Креативност во пристапот, иницијативност и способност за работа во тим
- Одлично познавање и употреба на англискиот јазик (говор и пишување)

**Коалиција СЕГА овозможува:**

- Флексибилна работа во динамична средина
- Менторство и поддршка од тимот на СЕГА
- Можности за професионална и лична надградба
- Можност за учество на национални и меѓународни настани

**Работно време:**

40 часа преку неделата (понеделник - петок работно време, од 09:00 до 17:00)

**Работен однос**

Работниот однос ќе биде на определено време, предвидувајќи договор за работен однос со покриени придонеси за здравствено и пензиско осигурување како и почетна основна нето плата во износ од 25.000 – 30.000 денари (Износот на нето плата ќе биде утврден во согласност со компетенциите на избраното лице). Договорот за работен однос ќе биде потпишан по изминување на пробен период од 15 денови согласно процедурите на организацијата. Организацијата го задржува правото да не потпише Договор за работен односно доколку лицето не ги исполнува условите и стандардите за извршување на задачите во СЕГА.

**Потребни документи за аплицирање на заинтересираните кандидати**

- Кратка биографија (на македонски јазик)
- Мотивациско писмо (на македонски јазик)
- Препораки од претходни работни места

Заинтересираните кандидати треба да поднесат целосна документација најдоцна до **05 декември 2025 година на емаил: aplikacija@sega.org.mk**.

Селектираните кандидати кои ги исполнуваат условите ќе бидат повикани на интервју во рок од седум дена од завршувањето на огласот.

За дополнителни информации контактирајте не на е-маил sega@sega.org.mk

**Еднакви можности за вработување**

Коалиција СЕГА одржува строга политика на еднакви можности за вработување, и обезбедува еднакви можности за сите вработени и апликанти за вработување. Организацијата ангажира, обучува, промовира, компензира и разрешува вработени без оглед на раса, боја, религија, пол, сексуална ориентација, националност, возраст, брачен статус, државјанство, како и други групи заштитени со закон. Дискриминацијата против вработените врз основа на било кој од овие фактори е забранета.